Дали вашата компанија негува високи етички стандарди, транспарентност и политики за заштита од корупција?

Ги покануваме сите одговорни и визионерски компании во Република Северна Македонија да се пријават и да бидат дел од процесот на мапирање и проценка на деловниот интегритет.




Преку оваа иницијатива, најдобрите компании ќе бидат јавно промовирани и истакнати во **Белата книга за деловен интегритет, етика и усогласеност во приватниот сектор** - практичен каталог и водич за одржливо и етичко работење.

## Зошто да учествувате?

- Препознатливост и репутација: Вашата компанија ќе биде позиционирана и промовирана како еден од лидерите за деловен интегритет, етика и добро управување.

- Потврда за високи стандарди: Ќе добиете независна и стручна анализа на вашите интерни политики, процедури и механизми за усогласеност.
- Деловна предност: Промоцијата во Белата книга служи како потврда за вашата посветеност пред клиентите, добавувачите, странските инвеститори и меѓународните партнери.

## Цел на иницијативата

Воспоставување транспарентен и објективен процес за евалуација и промоција на приватните компании кои успешно имплементираат антикорупциски политики, етички кодекси и механизми за усогласеност во секојдневното работење.

## Кој може да се пријави и кои се критериумите?

За да се обезбеди сеопфатност и репрезентативност на македонската економија, повикот е отворен за сите деловни субјекти, со соодветна застапеност според:

- **Големина:** Средни (50–250 вработени) и големи компании (над 250 вработени).
- **Дејности:** Сите индустрии, како во регулирани така и во дерегулирани сектори.
- **Сопственост:** Домашни приватни компании и компании со странски инвестиции.
- **Регионална покриеност:** Компании од сите плански региони во државата.

## Како ќе се спроведе процесот на избор?

Процесот се одвива преку 3 транспарентни и методолошки поставени фази:

1. **Фаза 1 (Самопроценка и анализа):** Пополнување прашалник за самопроценка и доставување на клучни интерни акти.
2. **Фаза 2 (Теренски интервјуа):** Куси квалитативни интервјуа (45–60 мин) со претставници од раководството, офицер за усогласеност/правен сектор и/или човечки ресурси за проверка на практичната примена на политиките.

3. **Фаза 3 (Евалуација и селекција):** Оценување според предефинирана матрица од 100 бодови (квалитет на акти, специфични политики, функционалност на терен и посветеност на раководството).

Сите компании кои ќе освојат над 70 бодови стекнуваат право да бидат вклучени како финални студии на случај и позитивни примери во Белата книга!

**Рок и начин на пријавување**

- **Краен рок за пријавување: 15.10.2026 година**
- **Начин на пријавување:** Пополнете ја онлајн пријавата на следниот линк: **https://forms.gle/PvyTBx1x63Xa4BsKA**

Придружете ни се и бидете пример за работење со интегритет и етика во приватниот сектор!

Оваа активност е дел од проектот „ Градење општество отпорно на корупција “, кој е финансиски поддржан од Европската Унија.